Република Северна Македонија

**Министерство за правда**
Бр.УП 11-944
14.08.2019 година
Скопје

Врз основа на поднесено барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од Здружение на граѓани Мото клуб БМВ Струмица, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06,86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 )министерот за правда донесе

## РЕШЕНИЕ

Донацијата во материјални добра на Општина Струмица дадена од Здружение на граѓани Мото клуб БМВ Струмица, **се потврдува како донација од јавен интерес во областа на комуналните дејности**.

## Образложение

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донацијата на Општина Струмица дадена од Здружение на граѓани Мото клуб БМВ Струмица.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу Здружение на граѓани Мото клуб БМВ Струмица, претставувано од управител Стојан Иванов, како давател и Општина Струмица, претставувано од Градоначалникот Коста Јаневски, како примател чиј предмет на донирање се материјални добра 50 тротинети и 50 заштитни кациги, наменети за унапредување и олеснување на сообраќајот.

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донацијата се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми.

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган Министерство за локална самоуправа, како основа за решавање по барањето.

Министерство за локална самоуправа со мислење бр.08-1634/2 од 13.08.2019 година, смета дека дадената донација е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Рената Дескоска

Подготвил: Никола Бабановски советник
Контролирал:Мира Димишковска, рако. на одделение